**Инфо билтен – март 2024**




Трајна поставка за природата „Патување низ природните богатства на Вевчанските Извори“ во МКЦ Вевчани

## Повици

Отворен повик до младински организации за доставување на понуди за продукција и реализација на активности кои вклучуваат младинско учество.

Повик до сите млади правници (до 35 години) да истражуваат и подготват стручна статија на темата „Еколошко право и одржлив развој“ која е

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

истовремено и тема на следното издание на стручното правно списание „Правен фокус".

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

На 8ми март започна кампањата за улогата на жените во справувањето со климатските промени. Идејата беше да се пренесат активностите на успешни жени за намалување или ублажување на климатските промени како и да се информира за предизвиците со кои се соочени жените во секојдневието но и можности од нивна активна вклученост во решенијата. Погледнете ја кампањата на некоја од социјалните мрежи на Еко-свест.

Во текот на месец март се изработуваше третиот Извештај во сенка за Поглавјето 27 од граѓанските организации кој треба да извести за напредокот во транспонирање на ЕУ регулативата во ова поглавје, да ги нотира предизвиците и да даде препораки за надминување на проблемите. Во изработката на извештајот беа консултирани засегнати институции, општини и граѓански организации. Извештајот ќе биде објавен во следниот период. Во меѓувреме, погледнете го претходниот извештај.

**Енергија**

Анкета: доколку сте организација која работи во Битола и пелагонискиот регион, молиме да го пополните овој прашалник за праведна транзиција. И слободно споделете го линкот со други организации.

Слична анкета и за граѓани, особено оние кои живеат и работат во Битола и пелагонискиот регион, поврзана со праведната транзиција на регионот. Само 10 минути за одговори кои многу ќе значат.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Води**

Придружете се на Science Week Neretva 2024, интердисциплинарен камп за зачувување на реките наменет за студенти од сите дисциплини. Еднонеделниот собир им овозможува на учесниците да го преточат знаењето во акција, поттикнувајќи соработка и креативни проекти за заштита на реките.

**Заштита на природа**

Екоцидот и официјално е ново кривично дело, правниците сметаат дека тешко ќе се докажува.

**Еко-свест Вевчани**

На 22 март 2024 година свечено ја отворивме трајната поставка за природа „Патување низ природните богатства на Вевчанските Извори" во Мултикултурниот центар „Коста Србакоски" во Вевчани. Погледнете ги фотографиите од настанот и од поставката.

**Публикации**

Повеќе зеленило значи подобар град! Подготвивме документ кој го анализира спроведувањето на урбанизмот и урбаното зеленило во пракса и како зеленилото влијание врз квалитетот на живот на жителите, особено во урбаните средини.

Сите најнови ресурси за паметното енергетско планирање, заедно со картата за одржливи локации најпогодни за поставување на соларни и ветерни централи се наоѓаат на овој линк.

Еко-свест подготви правна анализа за статусот на препреки, брани и други инфраструктурни градби во сливното подрачје на реката Пчиња.

**Медиуми**

Инвестициски бум во соларна енергија, ќе го запре ли увозот на струја?

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Следниот месец започнува постапката за повторно прогласување на Демиркаписката Клисура за заштитено подрачје. Овој статус ќе ги опфати и долниот тек на реката Вардар и нејзините притоки во ова подрачје.

Македонските компании се подготвуваат за новиот Механизам за јаглеродно гранично прилагодување. Уште подобра вест ќе биде доколку надоместокот за јаглен се влева директно во Фонд за животна средина. Поддржете ја оваа иницијатива!

**Разно**

Зошто таканаречените „молови" се товар врз животната средина и бетонски уништувачи на одржливите заедници? Дали наместо симболи за урбан развој, економски просперитет и удобност, тие се центри на силна употреба на природни ресурси, огромна енергетска потрошувачка и раздор за локалната заедница, малите бизниси и економијата?

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.